# Претреси во Куманово, пронајдени дрога и оружје, лишени од слобода три лица

28/07/2026



На 27.07.2026 во 20:35 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишија од слобода Г.М.(19) од Куманово. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 27.07.2026 од 22:20 часот, полициски службеници од СВР Куманово ги лишија од слобода Р.С.(45) и 42-годишната Д.В. од Куманово. При претрес во домот на Р.С., во кој била затекната Д.В., извршен со судска наредба, биле пронајдени бела прашкаста материја и пиштол калибар 7,62 мм без рамка и муниција за кои не поседувал дозвола.

Додека, при преглед кај Д.В. била пронајдена прашкаста материја. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против нив ќе следуваат соодветни пријави.

Претходно
Следно



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
© 2026 Министерство за внатрешни работи. Сите права задржани.